ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 18 став 5 од Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на РСМ“ бр. 10/2020), член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 38 став 1 точка 1 и точка 42 и член 76-в став 4 од Статутот на Општина Гевгелија („Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 25/06, 08/10, 18/14, 13/20, 02/21, 05/21), Советот на Општина Гевгелија, на седницата одржана на ден 30.09.2022 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за верификација на мандатите на членовите во Локален младински совет на Општина Гевгелија

### Член 1

**Се верифицираат мандатите** на следните членови во Локален младински совет на Општина Гевгелија со **одлука бр. 08-1936/1**, донесена на 3 седница на Локалното собрание на млади на Општина Гевгелија, одржана на 16.09.2022 година:

- **Кристијан Алчинов** – Здружение на пчелари „Апитоксин“- Гевгелија;
- **Атанас Епов** – Атлетски клуб „7 Ноември“- Гевгелија;
- **Памела Петровска** – Црвен крст на РСМ Општинска организација Гевгелија;
- **Георги Петков** – ОК ВМРО-ДПМНЕ Гевгелија;
- **Тијана Ристовска** – Центар за едукација и активизам „МУЛТУС“- Гевгелија.

### Член 2

Мандатот на членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија трае 2 (две) години од денот на нивната верификација, со право на уште еден избор.

### Член 3

Членовите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија од своите редови ќе изберат претседател и заменик-претседател на нивната прва седница, по верификацијата на нивните мандати.

### Член 4

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Гевгелија“.

бр. 09-2031/1
30.09.2022 г.
Гевгелија

Претседател
на Советот на Општина Гевгелија

**Патрик Матх**
с.р.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk